Сузана МИОВСКА

# ОБРАЗОВНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА ВО СЕМЕЈСТВОТО

Семејството претставува сложена и динамична микросоцијална група со повеќе и меѓусебно испреплетени функции. Многу од активностите и функциите што ги имало во минатото, во современи услови се губат, редуцираат или трансформираат (Golubović, 1981; Milić, 1988; Mladenović, 1974; Potočnjak, 1980). Меѓутоа, воспитувањето и развивањето на емотивните врски меѓу членовите во семејството останува негова трајна и универзална карактеристика која ја одразува суштината на самиот поим.

Семејството било и е средина во која најуспешно се воспитува детето и прва средина во која започнува неговата социјализација. Тоа е „природна" школа во која се градат пожелните човекови својства, се воспитуваат емоциите, се развиваат способностите. Всушност, семејството во целина дејствува како „некое спонтано училиште на социјалните и емоционалните односи на детето кон другите луѓе и кон општеството воопшто, бидејќи ја развива социјалната умешност во постапувањето со младите и старите луѓе во различни и променливи социјални околности" (Bergant, 1974, 78).

Како резултат на промените што ги доживува, афирмирањето на концепцијата на доживотното образование и идејата за општество што учи, како и развивањето на образовната технологија, современото семејство станува и важен образовен фактор. Тоа значи дека има голема улога во поттикнувањето, развивањето и задоволувањето на образовните потреби. Имајќи предвид дека родителите се главни носители на семејните функции, и воспитувањето на образовните потреби и поттикнувањето на учење и образование се првенствено нивна задача и одговорност. Многу е значајно колку се тие свесни за вредноста и потребата од образование, колку образовните активности се застапени во нивното живеење и колку од тие образовни активности се присутни во семејството. Со оглед на тоа што родителите претставуваат модел за идентификација на децата, нивното образовно однесување е исто така образец за односот на децата кон учењето и образованието. Притоа, и структурата и квалитетот на односите во семејството значително влијаат врз вклучувањето во образовниот процес, текот на образованието и успехот што се постигнува.

Семејството се јавува не само како поттикнувач на образование и учење кое може да се одвива преку различни форми и во различни средини, туку и како средина во која се учи и образува. Традиционалното сфаќање на образованието е секогаш поврзано со училиштето како главна образовна средина и со децата како главна категорија на ученици кои се образуваат во училиште. Меѓутоа, денес образованието и учењето излегуваат и надвор од училишниот систем и стануваат право, обврска и одговорност на сите компоненти на организираното општество, па според тоа и семејството се јавува како значајна детерминанта на образовниот профил на човекот (Milošević, 1991; Savičević, 1983).

Со оглед на фактот дека современото семејство е најчесто двогенерациско, тоа претставува средина за учење и образование на родителите и децата. Нивните образовни активности во семејството се многубројни и се однесуваат на различни сфери од животот. Понекогаш и родителите и децата можат да бидат заедно вклучени во образовни активности во семејството, но понекогаш нивниот образовен ангажман може да биде и поединечен, бидејќи секој од родителите и секое од децата може да остварува свои сопствени образовни активности дома кои се условени од спецификите на возраста и насоченоста на интересите.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во овој труд ќе презентираме дел од резултатите добиени од истражувањето спроведено во 1995 година, кои се однесуваат на образовните активности на децата во семејството. Со истражувањето беа опфатени 240 ученици од шест училишта од Скопје и околината (по две од централно градско подрачје, од приградска средина и од селска средина), кои живеат во семејства составени од татко, мајка и две деца од основношколска возраст. Примерокот на децата ја има следната структура:

Табела 1а: *Структура на примерокот на деца во однос на полот*

| | **пол** | | |
|---|---|---|---|
| | машки | женски | вкупно |
| f | **111** | **129** | **240** |
| % | 46% | 54% | |

Табела 1б: *Структура на примерокот на деца во однос на возраста*

| | одделение | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | Вк. |
| f | **23** | **49** | **19** | **39** | **36** | **38** | **18** | **13** | **240** |
| % | 10% | 20% | 8% | 16% | 15% | 16% | 7,5% | 7,5% | |

Табела 1в: *Структура на примерокот на деца во однос на успехот во училиште*

| | успех | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | одличен | мн. добар | добар | доволен | недоволен | вкупно |
| f | **170** | **59** | **11** | **0** | **0** | **240** |
| % | 71% | 24% | 5% | 0% | 0% | |

Табела 1г: *Структура на стратификуваниот примерок на деца во однос на возраста и успехот во училиште*

| | одделение | | | | | | | | | успех | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | Вк. | одл. | мн.доб. | доб. | Вк. |
| градска средина | **10**<br>12.5% | **9**<br>11% | **8**<br>10% | **18**<br>22.5% | **17**<br>21% | **7**<br>9% | **6**<br>8% | **5**<br>6% | **80** | **70**<br>88% | **9**<br>11% | **1**<br>1% | **80** |
| приградска средина | **10**<br>12.5% | **34**<br>42.5% | **3**<br>4% | **6**<br>8% | **13**<br>16% | **4**<br>5% | **5**<br>6% | **5**<br>6% | **80** | **49**<br>61% | **25**<br>31% | **6**<br>8% | **80** |
| селска средина | **3**<br>4% | **6**<br>7% | **8**<br>10% | **15**<br>19% | **6**<br>7% | **27**<br>34% | **7**<br>9% | **8**<br>10% | **80** | **51**<br>64% | **25**<br>31% | **4**<br>5% | **80** |
| Вкупно | **23**<br>10% | **49**<br>20% | **19**<br>8% | **39**<br>16% | **36**<br>15% | **38**<br>16% | **18**<br>7.5% | **18**<br>7.5% | **240** | **170**<br>71% | **59**<br>25% | **11**<br>4% | **240** |

Последната табела покажува дека не постојат поголеми разлики во структурата на учениците од градска, приградска и селска средина во однос на успехот: во сите средини најголем е бројот на ученици

со одличен успех, помал е бројот на многу добрите ученици, а најмал на добрите. Ученици со доволен и недоволен успех не се забележани во нашиот примерок.

Како инструменти на истражувањето беа користени - анкетен лист за учениците со прашања од затворен тип, како и еден вид дневник на времето што секој ученик во текот на една недела го посветуваше на одделни образовни активности во семејството.

**РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**

Образовните активности на децата во семејството ги разгледувавме од два аспекта: видот на образовните активности и времето што им се посветува во семејството.

*1. Вид на образовни активности*

Како основен критериум за поделба на образовните активности кај децата го зедовме степенот на обврзност на учењето, па врз таа основа ги разликуваме следните видови образовни активности:

а) Образовни активности во врска со училиштето;

б) Образовни активности за проширување на образованието;

в) Образовни активности во слободното време.

Секоја од овие активности ја сочинуваат повеќе форми на образовен ангажман. Така, образовните активности во врска со училиштето се однесуваат на пишувањето домашни задачи, учењето лекции и читањето и пишувањето лектири; проширеното образование се однесува на посетување на курс за странски јазик, музичко училиште или некои други форми, а образовните активности во слободното време опфаќаат образование преку средствата за масовна комуникација и други форми на задоволување на изразен интерес.

Многу често е тешко да се направи дистинкција меѓу формите на проширеното образование и формите на образовната ангажираност во слободното време, до толку повеќе што сите образовни активности во слободното време се во функција на проширување на образованието. Сепак, во неизнаоѓање на посоодветна класификација, сметаме дека и на овој начин ќе се добие увид во образовната ангажираност на децата во семејството.

Образовната активност на децата во врска со училиштето ја претставуваме на табела 2а:

Табела 2а: *Образовниите активностии на децаата во врска со училиштеето*

| | училиште | | |
|---|---|---|---|
| | дом. задачи | учење лекции | лектири |
| секогаш | 224<br>93% | 233<br>97% | 230<br>96% |
| понекогаш | 16<br>7% | 7<br>3% | 10<br>4% |
| никогаш | 0<br>0% | 0<br>0% | 0<br>0% |
| Вкупно: | 240 | 240 | 240 |

Табелата покажува дека образовните активности во врска со училиштето во најголем процент се одвиваат во семејството. Имено, 93% од децата се изјасниле дека секогаш ги пишуваат домашните задачи дома, 97% секогаш ги учат лекциите дома, а и читањето и пишувањето лектири во најголем број случаи се одвива во семејството - 96%. Нема ниту еден ученик кој никогаш не ги исполнува училишните задолженија дома. Овие податоци укажуваат дека во однос на образовните активности во врска со училиштето семејството претставува главна образовна средина. Тоа не е единствената средина во која можат да се извршуваат училишните задолженија. Во многу училишта постои дневен престој или целодневна настава која овозможува пишување на домашните задачи и учење на лекциите во училиште. Во повеќето училишта, опфатени во нашето истражување и определени по пат на случаен избор, не постои дневниот престој, поради што целокупниот ангажман во врска со училиштето се остварува во семејството. Сепак, сметаме дека, иако можеби не во толку висок процент, во наши услови семејството и натаму претставува главна образовна средина во однос на активностите на децата во врска со училиштето.

Колкава е ангажираноста на децата во активности за проширување на образованието покажува табела 2б:

Табела 2б: *Образовнише акшивносши на децаша за йроширување на образованиешо*

| | **проширено образование** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | курс за стр. јаз. | муз. учил. | друго | Вкупно: |
| **ДА** | **59** 25% | **30** 13% | **21** 9% | **82** 34% |
| **НЕ** | **181** 75% | **210** 88% | **219** 91% | **158** 66% |
| **Вкупно:** | **240** | **240** | **240** | **240** |

Од вкупниот број деца една третина - 34%, посетуваат некоја од формите за проширување на знаењата кои ги стекнуваат во училиште. Од нив 25% одат на курс за странски јазик, 13% посетуваат музичко училиште, а 9% се вклучени во други форми. Овие податоци се во прилог на тенденцијата дека во поново време сѐ повеќе се зголемува интересот и на родителите и на децата за ваков образовен ангажман кој е во функција на успехот во училиштето, не само во основното, туку и во понатамошното школување, но и во функција на потребите на времето и барањата што се поставуваат пред децата. Станува сѐ поприсутно децата од основношколска возраст да изучуваат некој странски јазик, особено англискиот, да посетуваат курс за компјутери, да стекнуваат основи на музичката култура. Ваквото ангажирање на децата е корисно, но не смее да стане фактор за нивната преоптовареност што особено се случува кога амбициите на родителите не соодветствуваат со интересите и можностите на децата. Врз основа на анализираните податоци, можеме да заклучиме дека е значајна ангажираноста на децата во активности за проширување на образованието.

Слободното време како поле за образовен ангажман на децата го претставуваме на табела 2в:

Табела 2в: *Образовните активности на децата во слободното време*

| | слободно време | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | книги | весн. спис. | Радио | ТВ | Вк: | клуб | друштво | секција | друго | Вк: |
| **ДА** | **197** 82% | **150** 63% | **139** 58% | **221** 92% | **240** 100% | **43** 18% | **41** 17% | **67** 28% | **4** 2% | **139** 58% |
| **НЕ** | **43** 18% | **90** 38% | **101** 42% | **19** 8% | **0** 0% | **197** 82% | **199** 83% | **173** 72% | **236** 98% | **101** 42% |
| **Вк:** | **240** | **240** | **240** | **240** | **240** | **240** | **240** | **240** | **240** | **240** |

Од табелата се гледа дека образовната активност преку средствата за масовна комуникација е најизразена - нема ниту едно дете кое не користи во слободното време некој од мас-медиумите. Во најголем процент е присутна телевизијата - 92%, а потоа книгите - 82%, весниците и списанијата - 63%, радиото - 59%. Телевизијата се покажува како најзастапен медиум во слободното време кој непосредно образовно влијае преку образовната програма, особено преку претпладневната училишна програма, но и посредно преку информативните, научно-популарните, музичките и други емисии. Значаен е и податокот дека 82% од децата читаат книги во слободното време, што зборува за интересот на децата кон пишаниот збор кој овозможува стекнување на различни знаења, но и развивање на детската фантазија и креативност. Осетливоста на возраста, како и недоволната оспособеност на децата од основношколска возраст за правење избор на содржините што им се нудат, укажува на одговорноста на родителите во изборот и следењето на програмите од страна на децата, како и на огромната одговорност на мас-медиумите, особено на телевизијата, во будењето, развивањето и насочувањето на децата во различни области и во подигањето на нивната општа култура. Тоа е можно да се оствари само ако мас-медиумите стручно и педагошки засновано се употребуваат.

Значително помала, но сепак висока е вклученоста на децата во други образовни форми во слободното време - 58%. Од нив 28% членуваат во некоја секција, 18% во клубови, 17% во друштва, 2% во нешто друго. Очигледно е дека нашите основношколски деца значително се ангажираат во секциите на слободните активности од тех-

нички, естетски, културен, спортски и друг карактер. Не е многу изразен, но сепак е присутен процентот на ученици кои членуваат во спортски клубови, клубови на млади техничари, клубови на млади истражувачи, културно-уметнички друштва и слично. Овие слободни активности имаат свое значење, бидејќи овозможуваат проширување и продлабочување на знаењата од различни области, како и развивање на различните способности на учениците.

Извршената анализа ни овозможува да заклучиме дека образовната активност на децата во слободното време што се остварува преку мас-медиумите е многу голема, а и ангажираноста во другите форми на образование во слободното време е значителна.

Истражувањето покажа дека не постои разлика во ангажираноста на децата во различните образовни форми во однос на полот, возраста и успехот во наставата, но не и во однос на степенот на образование на нивните родители:

Табела 3: *Степенот на образованието на родителите и образовните активности на децата*

| | **училиште** | | | **проширено образование** | | | **слободно време** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДА | НЕ | Вк: | ДА | НЕ | Вк: | ДА | НЕ | Вк: |
| **основно** | **18**<br>100% | **0**<br>0% | **18** | **1**<br>6% | **17**<br>94% | **18** | **14**<br>78% | **4**<br>22% | **18** |
| **средно** | **160**<br>100% | **0**<br>0% | **160** | **32**<br>20% | **128**<br>80% | **160** | **46**<br>91% | **14**<br>9% | **160** |
| **вишо** | **19**<br>100% | **0**<br>0% | **19** | **8**<br>42% | **11**<br>58% | **19** | **19**<br>100% | **0**<br>0% | **19** |
| **високо** | **43**<br>100% | **0**<br>0% | **43** | **18**<br>42% | **25**<br>58% | **43** | **42**<br>98% | **1**<br>2% | **43** |
| **вкупно:** | **240**<br>100% | **0**<br>0% | **240** | **59**<br>25% | **181**<br>75% | **240** | **221**<br>92% | **19**<br>8% | **240** |

| | |
|---|---|
| $x^2=13,59$ | $x^2=4,56$ |
| df=3 | df=1 |
| C=0,23 | C=0,13 |
| $x^2(0,05)=7,82$ | $x^2(0,05)=3,84$ |

Во образовните активности во врска со училиштето се покажува дека степенот на образованието на родителите нема никакво влијание, бидејќи сите деца, без разлика на образовното ниво на родителите, ги исполнуваат училишните задолженија. Поинаква е состојбата во однос на проширеното образование каде што се забележуваат значителни разлики во образовната ангажираност. Најмногу образовно активни на овој план се децата чии родители се со вишо и високо образование - 42%, 20% се образовно активни деца со родители со средно образование, а најмалку учествуваат децата кои имаат родители со основно образование - 6%. Овие податоци зборуваат дека колку е повисок степенот на образованието на родителите, толку е поголема и вклученоста на децата во формите за проширување на образованието. Ваквата состојба ја објаснуваме со повеќе причини. Претпоставуваме дека родителите со повисоко образование повеќе го поттикнуваат кај децата интересот и потребата за проширување и продлабочување на знаењата, иако неретко запишувањето на децата на курсеви за јазик, за компјутери, во музички, балетски училишта и слично, е резултат и на амбициозноста на родителите, а не само на вистинските потреби и интереси на децата. Влијание сигурно има и материјалната страна, бидејќи најчесто родителите со основно образование се со пониски примања, а посетувањето на секоја од горенаведените форми претпоставува значително намалување на и онака скромниот семеен буџет. Освен тоа, најголем дел од родителите со основно образование во нашето истражување живеат во селска и приградска средина, а сите форми за проширување на образованието се организираат најчесто во централното градско подрачје. Тоа значи дека посетувањето на децата од овие семејства претпоставува и дополнително трошење на средства и време.

И пресметаниот $x^2$ укажува на статистички значајна поврзаност меѓу степенот на образованието на родителите и активноста на нивните деца за проширување на образованието.

Во слободното време нема толку изразени разлики, иако и тука се забележува дека поголема е образовната ангажираност на децата чии родители се со повисок степен на образование (средно образование - 91%, вишо - 100%, високо - 98%), додека децата со родители со основно образование образовно активни се во 78%. Овие податоци уште еднаш укажуваат на културата на користење на слободното време во семејството чии главни носители се родителите. Образовното однесување на родителите во слободното време претставува образец за образовното однесување на нивните деца. Сметаме дека непостое-

њето на големи разлики е резултат и на фактот што речиси на секое семејство, без разлика на образовната структура на родителите, му се подеднакво достапни средствата за масовна комуникација, а токму преку нив најмногу и се остварува образованието на децата во слободното време. Сепак, пресметаниот $x^2$ е статистички значаен, односно степенот на образование на родителите влијае, иако не многу значајно (C = 0,13) врз образовната ангажираност на нивните деца во слободното време.

Анализирајќи го во целина влијанието на оваа варијабла, може да се согледа дека степенот на образование на родителите не влијае врз образовната активност на учениците во врска со училиштето, но претставува релевантен фактор на нивното ангажирање за проширување на образованието и на образовните активности во слободното време.

*Време на образовна ангажираност на децата во семејството*

Во ова поглавје, како нареден чекор, ќе покажеме колкава е временската ангажираност на децата што се образовно активни во семејството, односно колку часа дневно децата во домот посветуваат на секоја од овие образовни активности.

Временската ангажираност во врска со училиштето ја претставуваме на табела 4а:

Табела 4а: *Време на образовна ангажираност на децата во семејството во врска со училиштето*

| | **училиште** | | |
|---|---|---|---|
| | дом. задачи | лекции | лектири |
| **0-1час**<br>68% | **162**<br>44% | **105**<br>36% | **87** |
| **2-3часа**<br>33% | **78**<br>51% | **123**<br>36% | **86** |
| **4-5часа**<br>0% | **0**<br>5% | **11**<br>17% | **41** |
| **повеќе од 5 часа** | **0**<br>0% | **1**<br>0% | **26**<br>11% |
| **не посветува** | **0**<br>0% | **0**<br>0% | **0**<br>0% |
| **вкупно:** | **240** | **240** | **240** |

Од веќе извршената анализа видовме дека нема ниту еден ученик кој дома не посветува време на изготвувањето на училишните задолженија. Од сите 240 деца најголем процент - 68% пишуваат домашни задачи дома 0-1 час дневно, а 33% - 2-3 часа дневно. Во однос на учењето лекции најголем дел од децата - 51% се изјасниле дека дома учат 2-3 часа, 44% - 0-1 час, а 5% учат 4-5 часа дневно. Во однос на лектирите, пак, изедначен е процентот на децата кои учат 0-1 час и 2-3 часа дневно (36%), 17% посветуваат 4-5 часа, а 11% повеќе од 5 часа дневно. Податоците покажуваат дека децата најмногу временски се ангажирани во читањето и пишувањето лектири, најмногу од нив 2-3 часа дневно се ангажирани во учењето лекции, а 0-1 час во пишувањето домашни задачи. Овие резултати упатуваат на заклучокот дека нашето семејство навистина претставува значајна средина во која се остварува учењето на децата поврзано со нивното школување. Резултатите исто така отвораат и повеќе прашања: колку задолженијата што им се даваат на учениците по својот обем и тежина се приспособени на индивидуалните можности и способности на учениците, колку задоволува организацијата на наставата и училишниот живот кај нас, ако се знае дека во високоразвиените земји најголем дел од учењето во врска со училиштето се остварува во самото училиште, колку постои усогласеност меѓу наставниците во вишите одделенија на основното училиште во однос на задолженијата што секој од нив им ги задава на учениците, колку им е јасно на учениците што се бара од нив како задолжение. Ваквата образовна ангажираност на децата во семејството повлекува и значителна образовна ангажираност на родителите:

Табела 5: *Учество на родителите во учењето на децата*

| | **учество во учењето на децата** | |
|---|---|---|
| | помош на децата | учење за помош |
| **ДА** | **223**<br>93% | **159**<br>66% |
| **НЕ** | **17**<br>7% | **81**<br>34% |
| **Вкупно:** | **240** | **240** |

Резултатите укажуваат на значајна образовна активност на родителите во оваа сфера. Особено големо е учеството на родителите во учењето на децата: дури 93% им помагаат на децата во учењето. Овој податок го отвара прашањето на оптовареноста на учениците, односно на обемноста и сложеноста на домашните задачи и другите училишни задолженија, што особено кај децата од I-IV одделение нужно бара и помош од родителите во нивното изготвување. Индикативен е и податокот дека 66% од родителите не се чувствуваат доволно способни да им помогнат на своите деца, па нивната помош подразбира и нивно претходно учење. На тој начин, многу често главната образовна активност на децата во семејството станува и главна образовна активност на родителите.

Нашето истражување ги покажа и следните резултати:

- повеќе образовно ангажирани дома се девојчињата, учениците од повисоките одделенија, учениците со послаб успех, а во однос на степенот на образованието на родителите не се забележани значајни разлики. Кај родителите, пак, една третина им помагаат на децата во учењето секојдневно 1-2 часа, а скоро половина од нив - 18% и самите учат за да им помогнат на децата. Тоа значи дека голем дел од времето во семејството се посветува на активности во врска со училиштето, а многу често тоа е заедничка временска ангажираност и на децата и на родителите;
- 51% од испитаните ученици истакнуваат дека имаат тешкотии при изготвувањето на училишните задолженија; за половината од нив - 25%, главна тешкотија е обемот, а за 13% - сложеноста на она што треба да се научи дома. Токму овие податоци го објаснуваат високиот процент на учество на родителите во учењето на нивните деца. Особено децата од пониските возрасти (I и II одделение) се соочуваат со тешкотии во однос на сложеноста (21%) и обемноста (19%) на задолженијата. Тоа нужно бара и помош од родителите, како и нивно запознавање и учење на содржините за да можат да им помогнат на своите деца;
- многу повеќе помагаат мајките - 42%, помагаат секој ден 1-2 часа, за разлика од татковците кои во најголем број помагаат неколку пати неделно - 37%. Во однос на возраста, степенот на образование и видот на работната дејност на родителите не се забележани значајни разлики.

Од досега изнесеното може да се заклучи дека образовните активности на децата во врска со училиштето секогаш значат и изразен образовен ангажман во семејството.

Во однос на прошireното образование состојбата е следната:

Табела 4б: *Време на образовна ангажираност на децата во семејството за проширување на образованието*

| | **проширено образование** | | |
|---|---|---|---|
| | курс | муз. учил. | друго |
| **0-1час** | **54**<br>23% | **20**<br>8% | **12**<br>5% |
| **2-3часа** | **5**<br>2% | **10**<br>4% | **8**<br>3% |
| **4-5часа** | **0**<br>0% | **0**<br>0% | **1**<br>0% |
| **повеќе од 5 часа** | **0**<br>0% | **0**<br>0% | **0**<br>0% |
| **не посветува** | **181**<br>75% | **210**<br>88% | **219**<br>91% |
| **вкупно:** | **240** | **240** | **240** |

Најголем број од децата кои посетуваат и курс, и музичко училиште, и некои други форми, дома посветуваат до 1 час дневно на учење кое е поврзано со нив (23%, 8%, 5%), а значително помал е временскиот ангажман 2-3 часа на ден (2%, 4%, 3%). Овие резултати покажуваат дека посетувањето на која и да било форма за проширување на образованието нужно бара и дополнителен ангажман дома, во вид на повторување, вежбање, дополнување. Значи, семејството претставува значајна средина и од аспект на дневната ангажираност на децата за проширување на нивното образование.

Временската ангажираност на децата во слободното време е презентирана на табела 4в:

Табела 4в: *Време на образовна ангажираност на децата во семејството во слободното време*

| | слободно време | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | книги | весн. спис. | радио | ТВ | клуб | друштво | секција | друго |
| **0-1час** | **112** 47% | **82** 34% | **89** 37% | **35** 15% | **43** 18% | **41** 17% | **67** 28% | **4** 2% |
| **2-3 часа** | **51** 21% | **27** 11% | **33** 14% | **134** 56% | **0** 0% | **0** 0% | **0** 0% | **0** 0% |
| **4-5 часа** | **30** 13% | **36** 15% | **17** 7% | **32** 13% | **0** 0% | **0** 0% | **0** 0% | **0** 0% |
| **повеќе од 5 часа** | **4** 2% | **5** 2% | **0** 0% | **20** 8% | **0** 0% | **0** 0% | **0** 0% | **0** 0% |
| **не посветува** | **43** 18% | **90** 38% | **101** 42% | **19** 8% | **197** 82% | **199** 83% | **173** 72% | **236** 98% |
| **вкупно:** | **240** | **240** | **240** | **240** | **240** | **240** | **240** | **240** |

Од табелата се гледа дека преку книгите, весниците и списанијата, и радиото процентуално најизразена е временската ангажираност до 1 час (47%, 34%, 37%), додека најголем процент од децата (56%) гледаат телевизија 2-3 часа дневно. Тоа зборува дека особено телевизијата окупира голем дел од слободното време на децата. Не е за занемарување и податокот дека 13% од децата гледаат телевизија 4-5 часа дневно, а 8% повеќе од 5 часа на ден. Телевизијата претставува моќен медиум кој нуди многу можности и за образование на децата, но повеќечасовното гледање за учениците од основношколска возраст претставува и физичко и психичко исцрпување. Во периодот од 4, 5 и повеќе часа, телевизијата нуди различни содржини кои не секогаш имаат образовен карактер, не се наменети за децата, а можат да бидат штетни за нив. Многу често гледањето телевизија всушност значи и пасивно користење на слободното време.

Прилично изразена е временската ангажираност на децата во читањето книги - 21% читаат 2-3 часа, 13% - 4-5 часа, 24% слушаат радио 2-3 часа, а 12% - 4-5 часа, а не е за занемарување и процентот на децата кој повеќе од 1 час читаат весници и списанија - 2-3 часа 11%, 4-5 часа - 15%, повеќе од 5 часа - 2%. Сите овие податоци укажуваат

дека мас-медиумите се многу присутни во слободното време на децата од основношколска возраст и иако не секогаш непосредно, значајно придонесуваат семејството да претставува средина во која се учи и образува.

Образовната ангажираност на децата во други форми во слободното време не е многу изразена. Но, и тука се забележува дека иако временски не многу (0-1 час дневно), сепак членувањето во која и да било од овие форми повлекува и образовна активност во семејството.

**ЗАКЛУЧОЦИ**

Извршената квантитативна и квалитативна анализа на добиените податоци ни овозможува да ги изведеме следните заклучоци:

- Доминантни образовни активности кај децата се образовните активности во врска со училиштето, помалку изразени се оние во слободното време, а најмалку изразени се оние за проширување на образованието.
- Нема ниту едно дете кое не посветува време дома на изготвување на училишните задолженија. Временски најмногу ангажирани се во читањето лектири (0-5 часа дневно), потоа во учењето лекции (2-3 часа дневно), а нешто помалку во пишувањето домашни задачи (0-1 час дневно).
- Висока е дневната ангажираност во однос на мас-медиумите, особено телевизијата (2-3 часа дневно) и литературата (0-1 час дневно), а повеќе од половина од децата посетуваат некоја од образовните форми во слободното време, кои, исто така, во најголем број случаи повлекуваат и 0-1 час дневен образовен ангажман дома.
- Повеќе од една третина од децата посетуваат некоја од формите на проширено образование, а се покажа дека таа вклученост секогаш значи и дополнителен ангажман дома, најчесто 0-1 час дневно.
- Најзастапена форма за проширување на образованието е курсот, а во слободното време доминантна е телевизијата.
- Временски најзастапена активност во семејството во однос на училиштето е читањето лектири, во однос на проширеното образование - учењето во врска со курс, а во слободното време - гледањето телевизија.
- Кај децата полот не влијае значајно врз вклученоста во различните образовни активности, но влијае врз времето на учење до-

ма во врска со училиштето, односно се покажа дека девојчињата посветуваат повеќе време дома на исполнувањето на училишните задолженија.

- Хипотезата дека возраста не влијае врз образовната ангажираност на родителите се потврди во целина. Се потврди и дека возраста на децата не влијае врз нивната ангажираност во различните видови образовни активности, но е значаен фактор за нивната временска ангажираност во семејството во врска со училиштето, односно се покажа дека учениците од вишите одделенија се оптоварени со повеќе задолженија и повеќе временски се ангажирани дома за нивното извршување.
- Степенот на образованието на родителите претставува релевантен фактор и на ангажираноста на децата во активности за проширување на образованието и во образовни активности во слободното време, додека нивната временска ангажираност во семејството во сите видови активности не е условена од образованието на родителите.
- Делумно се потврди хипотезата дека успехот во училиштето значајно влијае врз образовната ангажираност на учениците. Се покажа дека одличните ученици се повеќе вклучени во форми за проширување на образованието, а во однос на учењето во врска со училиштето и во слободното време, сите ученици, без разлика на нивниот успех, се подеднакво образовно ангажирани.
- Во однос на временската ангажираност во семејството, успехот влијае врз образовните активности на децата во врска со училиштето (повеќе учат учениците со добар успех) и за проширување на образованието (повеќе учат одличните ученици), додека во слободното време децата со различен успех се подеднакво временски ангажирани во образовни активности во семејството.

Досега изнесените сознанија ја потврдуваат општата хипотеза на нашето истражување дека образовните активности на децата претставуваат значајна компонента на семејното живеење.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:**


1. Bergant, M., *Teme iz pedagoške sociologije,* Pedagoško-književni zbor, Zagreb, 1974;
2. Golubović, Z., *Porodica kao ljudska zajednica,* Naprijed, Zagreb, 1981;
3. Milić, A., *Rađanje moderne porodice,* Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd,1988;
4. Milosević, Lj., Odnosi roditelji-djeca i neke forme unapređivanja tih odnosa, *Pravci razvoja teorije i prakse obrazovanja odraslih,* Institut za pedagogiju i andragogiju Filozofskog fakulteta, Beograd, 1991;
5. Mladenović, M., *Uvod u sociologiju porodice,* Savremena administracija, Beograd, 1974;
6. Potočnjak, B., *Porodični odgoj i obrazovanje roditelja*, Zagreb, 1980;
7. Savičević, D., *Čovjek i doživotno obrazovanje,* Republicki zavod za unapređivanja školstva, Titograd, 1983.


***Клучни зборови:*** *семејството, образовните потреби, образовни активности, вид на образовни активности, време на образовна ангажираност.*

## SUMMARY

Suzana MIOVSKA

**STUDENTS' LEARNING ACTIVITIES AT HOME**

***Key words:*** *students' learning activities at home, time, type, learning engagement.*

The article presents results of the research of the students' learning activities at home. A survey questionaire and a dayly journal of the students'learning activities at home was distributed to a sample of 240 students of six primary schools from Skopje and its suburbs. The activities are examined regarding the type and the time dedicated to each of them. The quantitative and qualitative analysis demonstrates that children educational activities are very important component of family life and the majority of the pupils included in the research have significant learning engagement within the family, which is connected with the school, with their learning activities outside the school and during their free time.